

# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## Анализа за трошоци и за придобивки: Јавна политика за субвенционирање на земјоделството



Подготовка:


**Автори**
Александра Кокароска
Гоце Мојаноски
Александар Гавриловски
Здружение Иницијативен глас - Прилеп

**Ментор**
Наташа Трајкова[1] - Економски факултет, Прилеп


1 Ставовите искажани во студијата се ставови на авторите и менторот не неопходно се согласува со истите

# ВОВЕД

Целта на студијата е да се испита оправданоста од спроведување на политиката на субвенционирање на земјоделството преку земање предвид на позитивните страни (придобивките) и на негативните страни (трошоци), од оваа политика.

Овој документ треба да ни помогне да ги согледаме состојбите пред и по воведувањето на јавната политика на субвенционирање на земјоделството.

Според Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/2012) во Македонија се воведува политиката за поддршка на земјоделството од 2007 година и преку квалитетна распределба на државната помош во вид на субвенции во земјоделството, има за цел да обезбеди непречен пораст и развој на земјоделското производство, зголемување на продуктивноста, употреба на современа технологија, приближување на земјоделското производство кон стандардите и барањата на ЕУ, со цел овозможување поголем извоз на земјоделски производи надвор од Македонија и добра понуда на домашниот пазар. Политиката за субвенционирање во земјоделството, воедно, треба да придонесе и кон зголемување на додадената вредност на земјоделските производи и развој на целото стопанство.

Кога станува збор за анализа и за оцена на оправданоста на јавната политика на субвенционирањето во земјоделството, секогаш треба да се земат предвид ефектите од таа политика, не само во делот за кој е намената (крајните корисници), туку и кон поширокаta јавност.

Оваа политика на најдобар начин може да се оцени преку алатката за анализа на трошоци и на придобивки (Cost-benefit analysis- CBA). Со користење на анализата ќе се определат сите општествени трошоци и придобивки, а вкупните ефекти (внатрешни и надворешни) се предмет на анализа на општествено-економска ефикасност на јавната политика на субвенционирање на земјоделството во РМ.

# ФАКТИ ЗА ЈАВНАТА ПОЛИТИКА НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Според Државниот завод за статистика, во Република Македонија, во моментов има 170.885 земјоделски стопанства. Земјоделското производство во Македонија учествува со 10 проценти во БДП. Зголемувањето на продуктивноста во земјоделството е идентификувана како потенцијал за пораст и за развој на економијата, намалување на сиромаштијата и можност за развој на руралните средини.

Надлежна институција задолжена за распределба и за исплата на средствата по основа на субвенционирање на земјоделството е Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР). Начинот на конкурирање и условите што треба да ги исполнуваат земјоделците за користење средства по основа на јавната политика за субвенционирање на земјоделството ги одредува АФПЗРР и се достапни на нејзината веб-страница [2].

Право на користење средства од програмите за субвенционирање на земјоделството имаат сите земјоделски стопанства запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.

Средствата за субвенционирање на земјоделството во РМ се достапни преку три програми: програма за директни плаќања, програма за рурален развој и програма за аквакултура.

Програмата за директни плаќања се однесува на субвенционирање растително и сточарско производство. Растителното производство се однесува на полјоделски култури по посеани површини, градинарско производство на отворено и во пластеници, овошни култури по стебло, а преработени во преработувачки капацитети по килограм, одржување постојни лозови насади, суров тутун произведен и продаден по килограм. Во сточарското производство се вклучени директните плаќања говеда обележани по грла, грла кози, по големина на основни стада за производство на говедско месо, производство на кравјо, овчо и на козјо млеко по литар, за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет, како и други мерки во согласност со програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година (Службен весник на РМ бр. 200/2014).

Програмата за рурален развој се користи за субвенционирање инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства и за инвестиции за преработка и за маркетинг на земјоделски производи (Службен весник на РМ бр. 196/2014).

Програма за аквакултура претставува збир на мерки за субвенционирање проекти што се стремат кон зголемување на конкурентноста и кон модернизација на земјоделското производство, постигнување квалитетна и безбедна храна, одржливо управување на природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и во руралната економија (Службен весник на РМ бр. 194/2014).

Според државниот завод за статистика, земјоделското производство пред воведувањето на субвенциите, во 2006 година изнесуваше 30,100 милијарди денари односно девет проценти од БДП, а со воведувањето на субвенциите земјоделското производство бележи пораст од еден процентен поен како учество во БДП (бидејќи и тој паралелно растел), со што достигнува 10 проценти од БДП во 2014 година, односно до 53,139 милијарди денари како апсолутна вредност.

2 http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Распоредот на средствата исплатени за субвенционирање на земјоделството можеме да го поделиме во два дела и тоа: почеток на субвенционирање 2007-2010 година, кога бележиме пораст на субвенциите, кои, во просек, изнесуваат 1,6 милијарди денари и втор период од 2011-до 2014 каде што порастот на субвенциите во просек изнесува по 0,625 милијарди денари. Факт е дека најголема сума за субвенционирање на земјоделството е исплатена во 2014 година но кога ќе се споредиѕ со претходната 2013 година, се констатира дека зголемувањето е 250 милиони денари, што е значително мал износ во однос на споредбата меѓу 2007-2008 година, каде што изнесува 1,7 милијарда денари.

За да ги идентификуваме ефектите од јавната политика на субвенционирање на земјоделството, кои се базираат на перцепција на земјоделците, направивме и директен контакт преку анкета[3] на ниво на сите региони во РМ, при што се анкетирани 383 земјоделските стопанства, од кои 350 испитаници се индивидуални земјоделски производители (самостојни вршители на дејност и трговци-поединци), а другите 33 се трговски друштва. Индивидуални земјоделски производители што ги користат субвенции веќе неколку години имаат проблем околу начинот на исплата на средства бидејќи средствата што ги добиваат на нивната сметка носат само назнака средства за субвенции без притоа да е наведена основата и годината на исплата. Впрочем, земјоделците не знаат за што и за која култура добиле субвенции од државата и за кои години се однесуваат. Тоа не е случај со производителите на тутун.

Од обработените податоци, евидентно е дека индивидуалните земјоделски производители преку користењето на субвенциите речиси немаат додадена вредност на своите производи, односно тоа што го произведуваат најчесто 98 проценти го продаваат како суров производ, а два процента отпаѓаат на производи (градинарски или млечни) што ги користат за своја лична потреба, а не се наменети за пазар.

Анкетираните земјоделци истакнаа дека субвенциите што се однесуваат на инвестиции за модернизација на сточарите, потпомогнати од програмата за рурален развој, ги искористиле за опрема за молзење, лактофизери и за хидрофори за вода за пиење на стоката и за наводнување на обработливи површини. Но, нагласија дека со модернизацијата на опремата значително е зголемена потрошувачката на електрична енергија во овие семејства и тоа од две до четири илјади денари месечно. Тоа би довело и до зголемување на цената на чинење на готовиот производ наменет за пазар.

Од вкупно анкетираните земјоделци, 38 проценти инвестициите во модернизацијата на земјоделските стопанства што се однесуваат на производство на растителни култури (житни, градинарски итн.) потпомогнати од програмата за рурален развој ги искористиле за набавка на трактори со мала моќност и за потребна приклучна механизација.

**3** Сите податоци од анкетата се земаат со одреден степен на сомнеж, односно со одредена сигурност, бидејќи станува збор за перцепција на земјоделците

Во разговор со земјоделците дали планираат нивните деца да се занимаваат со земјоделство, 76 проценти нагласиле дека младите лица не се заинтересирани да се занимаваат со земјоделска дејност и дека ги напуштаат своите живеалишта во потрага по подобар и поквалитетен живот. Останатите 24 проценти веруваат во исправноста и во ефектите од воведувањето на субвенциите во земјоделството во секој поглед.

Резултатите од анкетата нема да бидат инкорпорирани во анализата за трошоци и за придобивки бидејќи се базирани на перцепција на земјоделците и не се квантификувани како ефект на јавната политика.

## СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ПРЕД И ПО ВОВЕДУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ПОЛИТИКА НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Пописот на земјоделството во 2007 година беше извршен со цел да ја констатира фактичката состојба на земјоделството во РМ. Оваа година (2007) е земена како референтна година во која за првпат беше воведена јавната политика на субвенционирање на земјоделството, а ефектите од неа ќе бидат обработени во оваа анализа. За споредба пред воведување и по воведувањето на субвенциите во земјоделството, земена е 2013 година, во која износот на субвенциите достигна до 8,1 милијарди денари.

**Табела 1.** Клучни показатели на земјоделството за 2007 година и за 2013 година

| Показател | 2007 година | 2013 година |
|---|---|---|
| Број на земјоделски стопанства | 192.675 | 170.885 |
| Површина на користеното земјоделско земјиште | 334.226 ха | 315.863 ха |
| Механизација - број на трактор | 74.641 | 92.708 |
| Механизација- број на комбајни | 1.686 | 1.797 |
| Членови на домаќинствата ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства и вработени во деловните субјекти | 471.069 | 441.742 |
| Цена на земјоделски производ - на пр. продажна цена на млеко по литар од индивидуални земјоделци | 27 денари | 18 денари |
| Број на говеда | 253.766 | 238.333 |
| Број на овци | 817.536 | 731.828 |
| Број на кози | 126.452 | 75.028 |
| Производство на кравјо млеко | 373.706 литри | 380.735 литри |
| Производство на овчо млеко | 35.473 литри | 34.270 литри |
| Вкупно производство на пченица | 218.076 тони | 258.960тони |
| Вкупно производство на сончоглед | 3.579тони | 3.832тони |
| Вкупно производство на тутун | 22.056 тони | 27.859 тони |
| Вкупно производство на грозје | 209.701 тони | 292.075 тони |

*Извор: Државен завод за статистика и Попис на земјоделство во 2007 година*

Во табелата 1 се прикажани одредени показатели за земјоделството преку кои е извршена споредба меѓу 2007 година и 2013 година. Преку оваа споредба видливо е намалување на бројот на земјоделски стопанства во 2013 година, како и намалување на површината што се обработува со земјоделски култури. Но, иако вредностите во делот на обработливи површини се намалуваат за сметка на тоа производството на растителните култури расте, што не е случај и со сточарството каде што се јавува пад на бројот на животни, а зголемено производство на млеко, податок што е интересен за натамошна анализа. На што се должи овој резултат, ќе биде извршена анализа на трошоци и на придобивки, која ќе ни ја даде вистинската слика од воведувањето на оваа политика. Инвестициите во модернизацијата се, исто така, интересен податок, кој бележи пораст во периодот по воведувањето на субвенциите и кои имаат подолг рок на употреба, па со тоа и ефектите ќе бидат видливи во идниот период.

# АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИ И НА ПРИДОБИВКИ ОД ЈАВНАТА ПОЛИТИКА НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## ТРОШОЦИ

### Директни материјални трошоци за реализација на јавната политика

Врз основа на достапните податоци од државните институции[4], издвоени како материјални трошоци на оваа јавна политика се:

- Трошоци на националната програма за директни плаќања
- Трошоци за националната програма за рурален развој
- Трошоци на националната програма за аквакултура

Реализацијата на програмата на ИПАРД 2007-2013 година не се земени како трошок, поради фактот што оваа програма е дел од пристапните фондови на ЕУ и не е директен трошок од Буџетот на РМ.

Во наредната табела 1 се прикажани трошоците за реализација на споменатите програми во контекст на реализацијата на јавната политика во земјоделството и во руралниот развој.

**4** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделското и руралниот развој, како и Државниот завод за статистика

**Табела 2.** Движењето на давачки од Буџетот на РМ

| Година (во 000 МКД) | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за директни плаќања | 986.680 | 2.652.649 | 3.925.000 | 5.500.697 | 6.233.500 | 6.932.000 | 6.885.000 | 6.499.404 | 39.614.930 |
| Програма за рурален развој | 75.000 | 132.200 | 420.000 | 579.000 | 340.000 | 599.938 | 1.160.000 | 1.799.695 | 5.105.833 |
| Аквакултура | 5.718 | | 10.574 | 64.300 | 64.500 | 75.000 | 90.000 | 90.000 | 400.092 |
| **Вкупно** | **1.067.398** | **2.784.849** | **4.355.574** | **5.962.000** | **6.638.000** | **7.606.938** | **8.144.000** | **8.389.099** | **44.938.858** |

*Извор: Агенција за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој на РМ*

Во согласност со прикажаното во табелата 2 може да се забележи дека вкупните давачки – трошоци од Буџетот на РМ за реализација на оваа програма се во континуиран пораст во разгледуваниот период. Најголем пораст има кај националната програма за директни плаќања, во периодот во 2014 година, и програмата за рурален развој. Најголемо учество во реализацијата на оваа програма како трошок има националната програма за директни плаќања, која во вкупните давачки учествува со 88 проценти. Програмата за рурален развој учествува со 11,1 процент, додека програмата за аквакултура учествува со само 0,9 проценти во вкупните давачки за реализација на оваа јавна политика.

Трошоците, односно давачките од Буџетот на РМ за реализација на националната програма за директни плаќања од година во година континуирано се зголемуваат, од 986 милиони денари во 2007 година сѐ до 6,5 милијарди денари во 2014 година.

Вкупните давачки од програмата за рурален развој се движат од 75 милиони денари во 2007 година до 1,8 милијарда денари во 2014 година. Додека програмата за развој на рибарство и на аквакултура се реализира од 2007 година, со тоа што во 2008 година не се обезбедени средства за неа. Оваа програма во вкупните давачки за реализација на јавната политика за субвенционирање на земјоделството учествува најмалку со околу 0,9 проценти од вкупните давачки. Реализираниот буџет за оваа програма се движи од 5,7 милиони денари во 2007 година, 0 денари во 2008 година до 90 милиони денари во 2014 година.

## Индиректни нематеријални трошоци

Индиректни нематеријални трошоци, како резултат на субвенциите во оваа анализа, не се идентификувани. (На пр. нематеријалните трошоци што се однесуваат на разни дозволи и одобренија, на пр. Глобал ГАП.)

# ПРИДОБИВКИ

## Директни материјални придобивки

При анализата на јавната политика се идентификувани повеќе материјални придобивки, од кои голем дел се содржани едни во други (на пр. развој на растително земјоделско производство во вкупен БДП од земјоделското производство и сл.). Поради тоа, директните придобивки од реализацијата на јавната политика во субвенционирањето на земјоделството се сведени на основните придобивки и тоа:

- Зголемувањето на додадената вредност т.е. БДП во земјоделството;
- Ефекти од модернизацијата на земјоделството.

Како еден од основните параметри за успешност на една политика што се однесува на развој на економијата во целост, е очекуваното, односно реализираното зголемување на БДП во секторот за кој се однесува таа политика. БДП во себе ги вклучува бруто-платите во земјоделството и подобрувањето на нето–извозот на земјоделските производи, па оттука и во графикон бр.1 е земена предвид варијабилата само на додадена вредност во земјоделството т.е. БДП на земјоделското производство како единствен параметар за придобивка во оваа јавна политика.

Според податоците од ДЗС за движењето на БДП во земјоделското производство добиени се следниве податоци.

Според прикажаниот графикон 1 може да се заклучи дена вкупниот БДП во земјоделското производство на годишно ниво има континуиран пораст, освен во 2009, 2011 и во 2012 година, кога има негативна разлика во споредба со претходните години.

**Графички приказ 1.**
Учеството на земјоделското производство во БДП




| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 31,003, | 32,442, | 30,031, | 30,100, | 33,308, | 47,478, | 42,997, | 44,258, | 43,405, | 42,493, | 50,327, | 53,139, |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ*

Доколку извршиме споредба меѓу периодите пред воведувањето на субвенциите (2000-2006 година) и периодот кога се воведени субвенциите (2007-2014 година) се доаѓа до сознание дека процентот на учество на земјоделското производство во вкупниот БДП на ниво на Р. Македонија, е на слично ниво пред и по воведувањето на субвенциите. На пример во 2000 година апсолутната вредност изнесува 25,105 милијарди денари, а во 2010 година 44,258 милијарди денари, односно и во двете споредбени години процентот на учество на земјоделството во БДП изнесува 10 проценти, односно БДП на земјоделското производство расте паралелно со порастот на вкупниот БДП.

Со цел правилна анализа на придобивките од споменатата јавна политика, би се зела референтна состојба, која би требало да биде тоа што би се остварило доколку мерката не би постоела (counter-factual). Ова е особено тешко во земјоделството заради влијанието на временските фактори, како количина на врнежи и температура. Сепак, може да се претпостави дека позитивните и негативните ефекти од овие фактори на среден рок (т.е. на рок од неколку години) се неутрализираат и за референтна состојба може да се искористат случувањата од пред воведувањето на мерката. Првата алтернатива е да се земе просекот за додадената вредност од претходните неколку години. Од податоците прикажани во табелата погоре може да се забележи дека додадената вредност во четирите години пред воведувањето на мерката за субвенционирање (т.е. 2003-2006) се движела 30-31 милијарди денари. Може да се претпостави дека земјоделското производство без субвенциите би изнесувало слично колку што изнесувало во 2003-2006 година, т.е. 30-31 милијарда. Според тоа, како референтна вредност во натамошната анализа е земена 30.894.000.000 денари, односно просечниот БДП во земјоделството во перидот 2003-2006. Врз база на оваа референтна состојба е пресметуван порастот на БДП во годините кога јавната политика е во функција.

Исто така, порастот на секоја од годините кога јавната политика за субвенционирање во земјоделството е во функција, во БДП е и износот за исплатените субвенции (директни трошоци), затоа што, според методологијата на ДЗС, и овие трошоци претставуваат дел од БДП.

**БДП** = Финална потрошувачка + бруто-инвестиции + извоз – увоз

Каде што крајната потрошувачка = крајната потрошувачка на домаќинствата + крајната потрошувачка на НПИСД + крајната потрошувачка на државата (Државен завод за статистика, 2015).

За да се избегне моментот на двојно пресметување на ефектите од воведувањето на јавната политика на субвенционирањето во земјоделството по основа на нето–извоз нема да биде користена како варијабила во анализата. Инаку, РМ во вкупната трговска размена со странство континуирано има голем дефицит. Сликата во прехранбениот сектор, во кој спаѓа и земјоделството, заедно со преработувачката индустрија, исто така, не е поинакво. Иако земјоделското производство е стратегиска гранка во Македонија, сепак Македонија има негативен трговски резултат

во размената со странство, односно повеќе увезува храна отколку што извезува. Со реализацијата на политиката во субвенционирањето на земјоделството едно од очекувањата е намалување на овој дефицит. Ова очекување е делумно исполнето бидејќи бележиме намалување на дефицитот на увоз-извоз на храна и на пијалоци за 46 проценти за периодот 2006-2014 година. Фактот за намалувањето на овој дефицитот го сметаме за придобивка, но за да се избегне двојното пресметување не го внесуваме во анализата за трошоци и за придобивки (табелата 6) бидејќи тој е пресметан во вкупниот БДП на земјоделството.

Во согласност со податоците од ДЗС, за периодот 2006-2014 година, размената со странство е прикажана во следнава табела 3.

При пресметката на придобивките од определената јавна политика, може да се земе и зголемениот број вработени во тој сектор, пресметан преку зголемувањето на нето-платите исплатени на годишно ниво. Поради фактот што исплатените нето-плати се дел од вкупниот БДП, во анализата не се земени како придобивки, но движењата на нето-платите во разгледуваниот период би можеле да послужат како факт за дополнителни коментари. Имено, бројот на вработените во земјоделскиот сектор, во просек, за периодот 2006-2014 година изнесува 118.506 вработени, со што е константиран најмал број на вработени во 2007 година кога имало 107.717 вработени, а највисок број на вработени имаме во 2014 година и тоа 127.438 вработени во земјоделски сектор. Просечната нето-плата во земјоделскиот сектор за периодот 2006-2014 година бележи благ пораст во апсолутна вредност, но кога компарацијата би ја изразиле процентуално, тогаш можеме да констатираме дека просечната нето-плата за 2014 година е за 50 проценти повисока во однос на 2006 година, што соодветствува со порастот на нето-платите во државата.

Во табела 4 е прикажано движењето на вработувањата во сектор земјоделство од 2006-2014 година.

Ефекти од модернизацијата на земјоделството како варијабила од ефекти на јавната политика не се земени во анализата за трошоци и за придобивки бидејќи приносите од обработливите површини немаа значително зголемување по единица површина, а според Организацијата за храна и за земјоделство на Обединетите нации, ефектот на вкупното зголемување на земјоделското производство се должи на порастот на цената на земјоделските производи.

На пример, ако претходно тутунот се обработувал рачно, а по воведувањето на субвенциите, стопанството набавило некаква машина, тогаш тоа се смета за технолошки напредок, без оглед на тоа дали машината е стара или нова. Само во смисла на нето-придобивки тоа стопанство има поместување на технолошката граница. Истото би се однесувало на семенски материјал, материјал за подобрување на квалитетот на производите (прскање и сл.). Ова е важна придобивка, но бидејќи не постојат соодветни податоци за неа, во анализата не се квантификува бидејќи не може да се прикаже во апсолутни вредности.

**Табела 3.** Размена со странство на храна и на пијалаци

| Година (во 000МКД) | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна и пијалаци | -10 486 604 | -11.672.483 | -14.998.736 | -13.273.828 | -11.145.879 | -15.602.271 | -17.561.196 | -16.269.057 | -16.969.762 |
| Разлика вкупен суфицит тековна/ претходна година | | -1.185.879 | -3.326.254 | 1.724.908 | 2.127.949 | -4.456.392 | -1.958.925 | 1. 292.139 | - 700.705 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ*

**Табела 4.**

Бројот на вработени и исплатената нето-плата по вработен во земјоделскиот сектор

| | Вкупно 2006 | Вкупно 2007 | Вкупно 2008 | Вкупно 2009 | Вкупно 2010 | Вкупно 2011 | Вкупно 2012 | Вкупно 2013 | Вкупно 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вработени според сектори на дејност ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 114.777 | 107.717 | 119.749 | 115.581 | 120.597 | 120.839 | 112.623 | 127.186 | 127.438 |
| Просечна нето-плата/денари | 10.221 | 10.536 | 11.689 | 14.273 | 14.284 | 14.785 | 15.632 | 15.641 | 15.836 |
| Разлика исплатена нето-плата тековна/ претходна (денари) | | 315 | 1.153 | 2.584 | 11 | 501 | 847 | 9 | 195 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ*

**Табела 5.** Просечни приноси по хектар од поважни култури во килограми

| | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЧЕНИЦА-ВКУПНО | 3.522 | 3.081 | 3.010 | 2.402 | 3.414 | 3.076 | 3.044 | 3.346 | 2.696 | 3.198 | 3.755 |
| ОРИЗ-ВКУПНО | 5.168 | 5.270 | 5.526 | 6.132 | 6.241 | 6.368 | 6.230 | 5.992 | 5.232 | 5.992 | 5.895 |
| ШЕЌЕРНА РЕПКА-ВКУПНО | 30.581 | 36.352 | 59.286 | 32.579 | / | / | / | / | / | / | / |
| СОНЧОГЛЕД-ВКУПНО | 1.507 | 1.330 | 1.620 | 1.021 | 1.171 | 1.879 | 1.884 | 1.494 | 1.270 | 1.559 | 1.813 |
| ТУТУН-ВКУПНО | 1.221 | 1.498 | 1.436 | 1.287 | 1.001 | 1.355 | 1.492 | 1.348 | 1.392 | 1.453 | 1.553 |
| ДОМАТИ-ВКУПНО | 19.171 | 20.362 | 25.237 | 21.979 | 22.868 | 25.370 | 29.658 | 29.411 | 25.974 | 23.999 | 28.065 |
| ПИПЕРКИ-ВКУПНО | 15.738 | 15.658 | 16.950 | 16.872 | 17.286 | 18.342 | 19.843 | 18.174 | 19.273 | 17.898 | 20.637 |
| ГРОЗЈЕ-ВКУПНО | 10.276 | 10.900 | 10.480 | 9.840 | 10.880 | 12.698 | 12.648 | 11.660 | 11.479 | 13.836 | 8.620 |

*Извор:Државен завод за статистика на РМ*

Имено, со помош на јавната политика на субвенционирање на земјоделството е направено некакво преструктурирање кај земјоделските стопанства – инвестиции во машинерија (без оглед на кое ниво), купување и закуп на земјишта, пасишта и слично, што претставува трошок денес, но ќе доведе до некаква придобивка утре, односно ќе создаде придобивка по претпоставка и по укинување на оваа јавна политика.

Според прикажаната табела 5 може да се заклучи дека во разгледуваниот период има пораст само кај приносите по единица површина (ха), кај градинарските производи (домати и пиперки), кај грозјето имаме благ пад, додека кај другите култури немаме значителни промени. Одреден процент или пет до 10 проценти на зголемувањето на приносите од површина претпоставуваме дека е резултат на технолошкиот напредок и модернизацијата на механизацијата на земјоделските стопанства и очекуваме овој пораст да биде континуиран и по завршувањето на политиката за субвенционирање, но не смееме да го изоставиме фактот за амортизација на опрема и на механизација, кој во иднина би значел одржување на опремата, а со тоа и дополнителен трошок за земјоделските стопанства.

Со оваа анализа беа констатирани промени во вкупниот број трактори и комбајни во РМ и тоа бројот на трактори во 2013 година бил за 18.067 поголем во однос на 2007 година, а додека бројот на комбајни во 2013 година е зголемен за 111 во споредба со 2007 година. Факт е дека со ова зголемување на бројот на трактори и на комбајни е направен прогрес во модернизација на земјоделските стопанства, но бидејќи не можеме да ги земеме во апсолутни вредности, не се вклучени во табелата со анализата за трошоци и за придобивки.

Кај едногодишните култури директните придобивки од евентуалната модернизација во земјоделството би се јавиле веднаш во следната година како причина од воведување на субвенциите. На пример: воведувањето на систем капка по капка се очекува веќе првата година кај определени култури да го зголеми приносот и до 50 проценти (на пример пченка, каде што приносите на пченката за зрно се зголемуваат до 25 проценти, а за силажа до 53 проценти) што во овој дел не е случај.

Со оваа анализа беа констатирани и земјоделски стопанства со опрема за искористување на обновливи извори на енергија и тоа:

- Сончева енергија - 383 стопанства;
- Биомаса - 10 земјоделски стопанства;
- Друг вид обновливи извори на енергија - 50 земјоделски стопанства.

Карактеристика на опремата за искористување на обновливи извори на енергија е тоа што земјоделското стопанство ефектите од опремата ги добива веднаш по инсталирањето на опремата и таа има долг рок на траење. Ефектите од опремата се придобивки за земјоделското стопанство, а опремата е трошок, но и оваа модернизација не можеме да ја поставиме како апсолутна вредност во табелата бидејќи немаме податоци за типот на опремата ниту за вкупна апсолутна вредност.

**Табела 6.** Резултати од анализата за трошоци и за придобивки

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Трошоци** | | | | | | | | |
| **Тип 1 - Директни - материјални** | | | | | | | | |
| Програма за директни плаќања | 986.680 | 2.652.649 | 3.925.000 | 5.318.700 | 6.233.500 | 6.932.000 | 6.885.000 | 6.499.404 |
| Програма за рурален развој | 75.000 | 132.200 | 420.000 | 579.000 | 340.000 | 599.938 | 1.160.000 | 1.799.695 |
| Аквакултура | 5.718 | | 10.574 | 64.300 | 64.500 | 75.000 | 90.000 | 90.000 |
| **Вкупни трошоци** | **1.067.398** | **2.784.849** | **4.355.574** | **5.962.000** | **6.638.000** | **7.606.938** | **8.135.000** | **8.389.099** |
| **Придобивки** | | | | | | | | |
| **Тип 1 - Директни - материјални** | | | | | | | | |
| БДП во земјоделство | 2.333.282 | 16.451.800 | 11.672.426 | 12.720.700 | 12.106.500 | 10.924.062 | 18.183.000 | 20.355.305 |
| **Вкупни придобивки** | **2.333.282** | **16.451.800** | **11.672.426** | **12.720.700** | **12.106.500** | **10.924.062** | **18.183.000** | **20.355.305** |
| **Нето (придобивки – трошоци)** | **1.265.884** | **13.666.951** | **7.316.852** | **6.758.700** | **5.468.500** | **3.317.124** | **10.048.000** | **11.966.206** |
| **Сегашна нето-вредност (Дисконтирана)** | **1.265.884** | **12.546.261** | **6.168.106** | **5.231.234** | **3.888.104** | **2.162.765** | **6.018.752** | **6.581.413** |
| **Дисконтна стапка (8,90%)** | | **0,918** | **0,843** | **0,774** | **0,711** | **0,652** | **0,599** | **0,55** |
| **Вкупна сегашна нето-вредност** | **43.862.519** | | | | | | | |

# РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ТРОШОЦИ И ЗА ПРИДОБИВКИ

За оцена на анализата за трошоци и за придобивки на јавната политика на субвенционирање го користиме коефициентот на придобивки и на трошоци што е резултат од нето (придобивка - трошок) по дисконтна стапка што се одредува според последната аукција (22.12.2015) на НБРМ на државни хартии во вредност, стапката на обврзник со 10 години рок на достасување е 3,50 проценти на која се додава премиум-ризикот на земјата, кој е 5,40 проценти според анализата на њујоршкиот универзитет, „Стерн бизнис-школа“. (3,50+5,40=8,90), со што ќе се добие сегашната нето-вредност по години.

Трошоците што се пресметани во анализата за трошоци и за придобивки изнесуваат 45 милијарди денари како вкупна апсолутна вредност за период од 2007 до 2014 година. Трендот на движење на трошоците за анализираниот период, просечно се зголемува за 41 процент од година во година, односно за околу една милијарда денари. Со цел да се утврдат среднорочните ефекти од јавната политика доколку се укине во период 2015-2021 година, односно не се распределуваат буџетски средства за субвенционирање на земјоделството, тогаш придобивките од ова политика ќе се одразат како придобивки од претходни години (на пр. трактор што е купен во 2013 година и се води како трошок во таа година, во 2019 година би придонесува во вкупниот пораст во земјоделското производство).

Просечниот пораст на БДП за анализираниот периодот (2007 - 2014) споредбено со референтниот периодот 2003-2006 година изнесува 19,38 проценти. За периодот 2015-2021 година земена е придобивка како зголемување на БДП во согласност со претходните трендови намален за 5,6 милијарди денари (просечен износ на исплатени субвенции). Намалувањето е пресметано во согласност со методологијата на ДЗС каде што износот на субвенции е дел од БДП.

Резултатот што е добиен од анализата и показателот за зголемување на БДП во земјоделството не се должи на зголеменото производство, туку е резултат од зголемувањето на индексот на цените на земјоделските производи.

За да го одредиме критериумот на сегашната нето-вредност на јавната политика, ја пресметуваме разликата меѓу вкупните дисконтни придобивки и вкупните дисконтни трошоци. За оцена на јавната политика со употреба на овој критериум, доколку сегашната нето-вредност е позитивна (NPV>0) се смета дека оваа политика е економски ефикасна, а со тоа и реализацијата на оваа политика е оправдана. Со оглед на фактот дека (NPV) сегашната нето-вредност изнесува 43.862.519 илјади денари, оваа политика е оправдана.

Јавната политика на субвенционирањето на земјоделството може да ја сметаме за прифатлива и економски оправдана за реализација кога нејзиниот рок за враќање (ROI) е помал од некој претходно договорен нормативен рок за враќање

на средствата. Како нормален рок за враќање на средствата ги земаме параметрите од економскиот век на ефектите од политиката. Според калкулаторот (табела 6) инвестицијата за јавната политика би се вратила во рок од девет години од нејзиното почнување. Но, ако јавната политика продолжи да се реализира и по 2015 година во идните четири години (односно 2015, 2016, 2017 и 2018 година), по претпоставка со ист интензитет на пораст на БДП во земјоделство, како и износот на трошоците за исплата на субвенции, периодот за поврат на инвестицијата би бил до шестиот месец од 2020 година. Основен недостиг на овој критериум е што не ги зема предвид трошоците и придобивките од проектот во целиот период на експлоатација на инвестицијата, туку само повратот на вкупните вложени средства.

# ПРЕПОРАКИ

За да се зголеми ефикасноста и ефективноста на субвенциите, некои од мерките би можеле да бидат:

- ✓ Предвидените 140 милиони евра за земјоделски субвенции да бидат наменети и распределени по соодветна динамика на конкурирање и исплата до земјоделските стопанства.
- ✓ Сите барања од земјоделските производители што ги исполнуваат условите за субвенциите да се доделуваат по произведен производ, со одреден квалитет, а не како досегашниот принцип по обработена површина.
- ✓ Издвоените буџетски средства за субвенциите да се користат 100 проценти и тоа за:
  - семенски и саден материјал со сертификат за нови сорти 11 проценти
  - за конкурентни извозни култури 4 проценти
  - модернизација на производство 40 проценти
  - стабилизација и стандардизација на процеси за конзистентни резултати 9 проценти
  - зголемување и реинвестирање на земјоделско производство 0,5 проценти
  - зголемување на квалитетот на производите 3 проценти
  - органско производство 30 проценти
  - стимулирање производство на еколошки здрави производи 2 процента
  - агрохемиско третирање на почвата 0,5 проценти
- ✓ Изработување три стратегии (за растително, сточарско производство и за аквакултура) за развој на земјоделското производство и засилување на земјоделските стопанства, која ќе се темели на зголемен квалитет и на додадена вредност на земјоделските производи со што би станале конкурентни на странскиот пазар, а од тоа придобивките за државата се приливот на девизни средства и зголемен извоз.

✓ Ревидирање на Националната стратегија за развој на земјоделството и на руралниот развој 2013-2017 година - аналитички пристап

✓ Драстична промена во политиката на субвенционирање, во насока на:
- Зголемено субвенционирање на производите со поголем квалитет по одредени категории;
- Субвенционирање на додадена вредност на производите;
- Создавање заштитна марка на традиционални производи;
- Создавање заштитна марка на производи со географско потекло од РМ;
- Инвестиции во капацитети со контролирани услови за производство;
- Инвестиции во системи за заштеда на енергија и на природни ресурси.

✓ Изработување осма стратегија по плански региони, поврзана со специфичните потреби на регионите, поврзана со потребите на постојните капацитети од прехранбената индустрија, од каков тип производи имаат потреба, а кои до денес ги набавувале од увоз, за да почнат да се произведуваат кај нас. Со ваквата практика би се зголемило земјоделското производство и со тоа ќе се намали увозот.

✓ Стратегија за изградба на нови 10-15 преработувачки капацитети за храна.

✓ Стратегија за субвенционирање квалитет кај земјоделските производи што би придонеле за поголема конкурентност на странските пазари, а со тоа пласман на 23 проценти од македонските земјоделски производи, поголема продажна цена и зголемен извоз за 40 проценти.

✓ Детална анализа за потребите на РМ по култури, потреби од храна и пијалаци.

✓ Попис на земјоделско обработливо земјиште (тие 33,34 проценти, кои се категоризирани како обработливо земјиште, бидејќи другите 66,66 проценти се под пасишта) .

✓ Попис на постојни ресурси што се на располагање, кои можат да се стават во функција на земјоделството.

# ЗАКЛУЧОК

Примената на анализата на трошоци и на придобивки за јавната политика на субвенционирање на земјоделството претставува корисна алатка при докажувањето на економската исплатливост и оправданост од нејзино воведување, која како краткорочен или долгорочен ефект треба да ги зголеми обемот и квалитетот на производството во матичната гранка од аспект на неговата ефикасност и ефективност.

Резултатот од анализата за трошоци и за придобивки за јавната политика на субвенционирање на земјоделството алудира на додадена вредност во земјоделското производството во годините во кои е реализирана, и тоа би се случило доколку продолжи да се спроведе во наредните години.

Долги процедури и големи административни трошоци при конкурирање за користење на средствата за субвенции во земјоделството.

И покрај инвестициите за модернизација на земјоделските стопанства, тие ја немаат зголемено површината што ја обработуваат и го немаат зголемено земјоделското производство. Па се заклучува дека модернизацијата не придонесува за зголемен развој на земјоделските стопанства.

Со јавната политика на субвенционирање на земјоделството не се придонесе кон реинвестирање во земјоделското производство, ниту постои заштеда кај земјоделските производители.

Малиот обем на домашен пазар, како и нестандардизираните процеси во земјоделското производство доведуваат до високи трошоци на производство, односно високи трошоци по цена на производ, кој негативно се одразува на градењето на конкурентска позиција како на домашен, така и на странски пазар.

Субвенциите се привремена „инјекција“ за покривање на трошоците за живот на земјоделците.

Стратегија за развој на земјоделство, која нема позитивен резултат, не треба да се реализира како јавна политика бидејќи нема да продуцира додадена вредност ниту во земјоделството, ниту на целата економија.

За да се потиснат условите што би довеле до несоодветен начин на трошење буџетски средства што се наменети за субвенционирање во земјоделството, потребно е процесот да е инклузивен и транспарентен, кој ќе дава можност за финансиска контрола, јавност и мониторинг на спроведувањето на јавната политика во земјоделството.

И покрај воведената јавна политика на субвенционирање на земјоделството и развој на руралните средини постои зголемена миграција село-град, како и целосно напуштање на селските живеалиштата во потрага по подобар и поквалитетен живот.

Очекуваните резултатите од јавната политика на субвенционирање на земјоделското производство требаше да придонесат кон развој, пред сè на прехранбената

индустрија, зголемување на извозот на земјоделски производи, намалување на увозот на прехранбени производи и развој на руралните средини, кои не се остварија.

Постигнувањето одржлива конкурентска предност на земјоделството во РМ, како дел од развојните цели на една економија е предизвикот за интернационализација на земјоделците да работат и да функционираат заедно преку лепеза стратегии и форми со цел вклучување на глобалниот пазар.

Стабилни развојни програми овозможуваат максимална искористеност на земјоделските ресурси, кои воедно ќе доведат до користење на придобивките од природата и нејзините влијание за одржлив земјоделски развој.

Воведувањето на јавната политика на субвенционирање на земјоделството не направи измени во националниот доход (НД), со што не постојат промени ниту на благосостојбата на целната заедница, што укажува на економска неефикосност.

На крај се доаѓа до заклучок дека јавната политика на субвенционирање на земјоделството претставува социјална, а не развојна политика.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Државен завод за статистика на РМ (2015) *Бруто домашен производ, 2013. Статистички преглед: Национална економија и финансии.*

[2] Службен весник на РМ бр. 134/2012. *Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој, за период 2013-2017 година.*

[3] Службен весник на РМ бр. 194/2014. *Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2015 година.*

[4] Службен весник на РМ бр. 196/2014. *Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година.*

[5] Службен весник на РМ бр. 200/2014. *Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година.*